09-12-2020

03 21542/1

**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Весна Деловска**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански суд Скопје**
**Основен Кривичен суд Скопје**
**ул.Антоние Грубишиќ бр.2/1-4**
**тел. 02 3111 533**

**Образец бр.66**

**И.бр.2724/2018**

Извршителот **Весна Деловска** од **Скопје** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **ХАЛК БАНКА АД Скопје** од Скопје со ЕДБ 4030993162028 и седиште на ул. Св Кирил и Методиј бр. 54, засновано на извршната исправа – Нотарски акт – Договор за залог врз недвижност со својство на извршна исправа [redacted] донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА трета продажба** со усно јавно наддавање на недвижноста означена и тоа:

**<u>Лист Б</u> – ИЛ 2501 КО Бутел**– земјиште кое се наоѓа на ул.Марко Крале – во сосопственост на заложните должници Сузана Мириќ на 2/8 (две осмини) и Ерден Синани од Скопје на 1/8 (една осмина) идеален дел, како и Магдалена Синани 1/8 (една осмина):

КП 3120, дел /, место викано Марко Крале, кат.култура гз и зпз3, со површина 128м2;
КП 3120, дел /, место викано Марко Крале, кат.култура гз и зпз2, со површина 27м2;
КП 3120, дел /, место викано Марко Крале, кат.култура гз и зпз1, со површина 66м2;
КП 3120, дел /, место викано Марко Крале, кат.култура гз и гиз, со површина 397м2;
Сосопственост 2/8 на Сузана Мириќ од Скопје,1/8 на Ерден Синани од Скопје, 2/8 на Ерол Синани, 2/8 на Денис Синани од Скопје и 1/8 на Магдалена Синани од Скопје;

**<u>Лист В</u> – ИЛ 102061 КО Бутел**– недвижност која се наоѓа на ул.Марко Крале бр.12 А – сосопственост на должникот Ерден Синани од Скопје и Магдалена Синани означена како:

КП 3120, дел 0, адреса Марко Крале-12А, бр.на зграда 3, нам.на зграда А1-1, влез 1, кат ПР, број 1, нам.на посебен дел СТ со површина 101м2;
КП 3120, дел 0, адреса Марко Крале-12А, бр.на зграда 3, нам.на зграда А1-1, влез 1, кат ПР, број 1, нам.на посебен дел ПП со површина 3м2;
КП 3120, дел 0, адреса Марко Крале-12А, бр.на зграда 3, нам.на зграда А1-1, влез 1, кат К-1, број 1, нам.на посебен дел СТ со површина 104м2;
КП 3120, дел 0, адреса Марко Крале-12А, бр.на зграда 3, нам.на зграда А1-1, влез 1, кат К-1, број 1, нам.на посебен дел ПП со површина 3м2;
КП 3120, дел 0, адреса Марко Крале-12А, бр.на зграда 3, нам.на зграда А1-1, влез 1, кат МА-1, број 1, нам.на посебен дел СТ со површина 73м2;
КП 3120, дел 0, адреса Марко Крале-12А, бр.на зграда 3, нам.на зграда А1-1, влез 1, кат МА-1, број 1, нам.на посебен дел ПП со површина 20м2;
КП 3120, дел 0, адреса Марко Крале-12А, бр.на зграда 3, нам.на зграда А1-1, влез 2, кат ПО-1, број 1, нам.на посебен дел П со површина 46м2;

Продажбата ќе се одржи на ден **29.12.2020 година** во **11:00 часот** во просториите на Извршител Весна Деловска.

Почетната вредност на недвижноста, по предлог на доверителот Халк Банка АД Скопје од 03.12.2020 година, изнесува и тоа:

вредноста на предметната недвижност – земјиште запишана на ИЛ 2501 КО Бутел **СЕ УТВРДУВА** на износ од **6.645,00 евра** во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на продажбата за 1/8 на должник Ерден Синани и 1/8 на Магдалена Синани, и износ од **6.645,00 евра** во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на продажбата за 2/8 на должник Сузана Мириќ, и за предметната недвижност опишана на ИЛ 102061 КО Бутел **СЕ УТВРДУВА** на износ од **136.305,00 евра** во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на продажбата како почетна цена за продажба на недвижноста, под која недвижноста не може да се продаде на третото јавно наддавање и истата се продава како целина.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености:

- за недвижноста на ИЛ 102061 КО Бутел:

хипотека во корист на доверителот Халк Банка АД Скопје, Налог за извршување врз недвижност И.бр.10344/2016 од Извршител Зоран Петрески; Налог за извршување И.бр.1085/2017 од Извршител Моника Муча; Налог за извршување И.бр.1086/2017 од Извршител Моника Муча; Налог за извршување И.бр.1087/2017 од Извршител Моника Муча; Налог за извршување И.бр.345/2018 од Извршител Јадранка Антовска; Налог за извршување И.бр.2724/2018 од Извршител Весна Деловска и Налог за извршување И.бр.2018/2019 од Извршител Андреја Буневски.

- за недвижноста на ИЛ 2501 КО Бутел:

хипотека во корист на доверителот Халк Банка АД Скопје; Налог за извршување И.бр.2724/2018 од Извршител Весна Деловска; Налог за извршување И.бр.1085/2017 од Извршител Моника Муча; Налог за извршување И.бр.1086/2017 од Извршител Моника Муча и Налог за извршување И.бр.1087/2017 од Извршител Моника Муча.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 250001002663794 која се води кај Шпаркасе банка Македонија АД и даночен број MK5080010500763.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Весна Деловска

**Д.-на:** Доверител, Должници, Сосопственици, Град Скопје, Извршител Зоран Петрески, Извршител Моника Муча, Извршител Јадранка Антовска, Извршител Андреја Буневски и Архива

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.